**20160521297**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за електронско управување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 март 2016 година.

Бр. 08-1659/1
14 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/2009, 47/11 и 193/15), во членот 3 став (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- УСЛУГА ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ПРЕПОРАЧАНА ИСПОРАКА НА ДОКУМЕНТИ е услуга која овозможува пренос на документи меѓу органите меѓусебно, како и меѓу органите и физичките и правните лица по електронски пат преку единствената околина за размена на документи и податоци по електронски пат и обезбедува услуга за електронско потпишување и електронски печат, обезбедува доказ во врска со ракување со пренесените документи, вклучувајќи доказ за испраќање и примање на документите и ги заштитува пренесените документи од оштетување или недозволени измени.“.

Член 2

Насловот на членот 31 и членот 31 се менуваат и гласат:

„Член 31

**Единствена околина за комуникација меѓу органите по електронски пат**

(1) Размената на документи и податоци меѓу органите по електронски пат се врши непосредно преку единствена околина за размена на документи и податоци по електронски пат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, за органите кои немаат можност за непосредна размена на податоци и документи по електронски пат, за комуникација со другите органи можат да користат услуга за електронска препорачана испорака на документи преку сертифицирани информациски системи.

(3) Начинот на комуникацијата меѓу органите по електронски пат од ставовите (1) и (2) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.”.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.